*Philological Studies 18, 1, (2020) 101-120* **Прегледен научен труд**
**УДК: 821.163.3.09:398**
**doi: 10.17072/1857-6060-2020-18-1-101-120**

# ПРЕТСТАВИТЕ НА ПЕКОЛОТ И НАЃАВОЛОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР ОД XIX ВЕК

**Славчо Ковилоски**
*Институт за македонска литература,*
*Универзитет Св. Кирил и Методиј,*
*Скопје, РС Македонија*

**Клучни зборови**: пекол, ѓавол, Страшен суд, XIX век, фолклор, Марко Цепенков.

**Резиме**: Во трудот ги разгледуваме претставите на пеколот и на ѓаволот во македонскиот фолклор од XIX век преку компарација на повеќе жанри: народни песни, приказни, клетви, поговорки итн. Со прогонот од рајот на Адам и на Ева настапува првиот внатрешен и надворешен егзил во историјата на човештвото. По овој повод се задржавме на многубројните описи на пеколот, како место исполнето со оган во кој грешниците се изложени на маки, и на ликот на ѓаволот како господар на злото. Во тој контекст ги разгледуваме и различните називи за пеколот и за ѓаволот, кои го претставуваат општественото и духовното отпадништво и неприфаќање на постоечките етички и морални норми.

# THE DEPICTIONS OF HELL AND THE DEVIL IN MACEDONIAN FOLKLORE IN XIX$^{TH}$ CENTURY

**Slavčo Koviloski**
*Institute of Macedonian Literature,*
*Ss. Cyril and Methodius University,*
*Skopje, RN Macedonia*

**Keywords**: Hell, Devil, Last Judgement, XIX$^{th}$ century, folklore, Marko Cepenkov.

**Summary:** In this paper we analyze the depictions of hell and the devil in Macedonian folklore from the 19$^{th}$ century by comparing several mediums: folk songs, stories, curses, proverbs, etc. Adam and Eve's exile from Paradise marks the first internal and external exile in the history of mankind. In light of this, we focus on numerous descriptions of hell as a place full of fire in which sinners are exposed to torments, and of the image of the devil as a master of evil. In this context, we look at different names for hell and the devil that represent social and spiritual apostasy and disapproval of existing ethical and moral norms.

**Вовед во проблематиката**

Претставите на пеколот и на ѓаволот наоѓаат значајно место во книжевноста и во фолклорот. Според религиозните верувања пеколот е оноземен свет, кој, за разлика од рајот, е исполнет со страдање. Терминолошкото определување на пеколот означува место во задгробниот живот, каде што лошите и зли луѓе се наоѓаат во вечни маки. Тој се сретнува во трите абрахамски религии (христијанството, исламот и јудаизмот), но и во религиите, верувањата и митологиите ширум светот. На европско тло е особено застапен во келтската и словенската митологија. Во нашиот случај, со мешањето на словенските претхристијански верувања со официјалната христијанска доктрина, народната традиција изградила специфични претстави на пеколот и на ѓаволот, како носител на злото (Толстој 2001: 171–172, 415–416). Тој претставува симбол на: лукавост, злоба, подмолност, превртливост, лажливост, лутина, сребројубивост, нескромност, но и на итрина и остроумност.

Со христијанизирањето на словенските племиња на македонска земја започнуваат да се шират новите сфаќања за задгробниот живот, олицетворени преку официјалната црковна догма. Вечниот оган и пеколните маки, кои ќе ги снајдат грешниците, го сретнуваме на

повеќе места во Стариот и во Новиот Завет, како и во подоцнежните текстови на светите отци. Како најилустративни ќе ги наведеме зборовите од Евангелието по Матеј: „И така, како што се собира каколот и сè гори во оган, така ќе биде и при крајот на овој свет. Ќе испрати Синот Човечки Свои ангели и ќе ги соберат сите соблазни од Неговото царство, и оние што вршат беззаконие, и ќе ги фрлат во вжарена печка; таму ќе има плач и крцкање до заби“ (Матеј 14: 40–42).

Во суштина, станува збор за судир на два различни света: рај и пекол, кои сепак се надополнуваат на повеќе нивоа. Прогонството од рајот на Адам и на Ева е првиот внатрешен и надворешен егзил во историјата на човештвото. Нивното отпадништво, предизвикано од подмамувањето на статаната олицетворена во вид на змија, означува напуштање на татковината со исклучителни последици за нивниот живот и потомството. Меѓутоа, дури и ваквата неповолна ситуација за двајцата означува и ново раѓање и согледување на работите на поинаков начин во однос на претходната благосостојба. Опасностите во кои понатаму ќе се најде човекот, неговата невклопеност во средината и етичките и моралните дилеми пред кои ќе се наоѓа секојдневно ќе придонесат за дефинитивно разграничување со отворање на две порти: едната што води во рајот, а другата што води во пеколот.

Македонската литература од XIX век познава низа примери со описи на: пеколот, задгробниот живот и ѓаволот. Од нив, како најспецифични се издвојуваат претставите во делата на Кирил Пејчиновиќ и на Јоаким Крчовски. Во оваа пригода ние ќе се задржиме на претставите на пеколот и на ѓаволот во македонскиот фолклор во XIX век, а како за илустрација ќе наведеме и еден пример од фрескосликарството, како уметнички израз на народните верувања, кој ја надополнува сликата за разбирањето и за сфаќањето на Македонците за пеколот.

Како што е познато, практиката за визуелно претставување на Страшниот суд во црковните храмови ја сретнуваме уште од средниот век во црквите: Св. Климент (Св. Богородица Перивлепта) во Охрид од XVI век, Св. Архангели во Кучевиште од XIV и XV, односно XVI век, Св. Ѓорѓи од XVI век во Бањани, во манастирските цркви Св. Димитрија во Велес од XIII век, Св. Преображение во Зрзе од XIV век, како и во подоцнежниот период, особено во XIX век, црквите: Св. Ѓорѓи во Лазарополе, Св. Никола во Вранче, Успение на Пресвета Богородица од XIX век, Св. Никола во Сопотница, Рождество на Пресвета Богородица во Горни Манастирец, Св. Богородица во

Дрслајца, Струшко, Св. Атанас во Бохула и Свети Дух во Страгово, Кавадаречко и др.

Во оваа пригода, како за илустративен показател ќе ја искористиме композицијата на Страшниот суд, којашто се наоѓа во црквата Св. Никола во прилепското село Вранче. Таа е изработена од мијачките градители и зографи, таткото и синот Петре Дебранец (Дебрели) и Глигур Дебранин од селото Тресонче. Според написот над главната врата од западната страна, црквата била осветена во 1874 година, а живописана во 1875 година. Подоцна, таа била реставрирана во 1926 година од Милан М. Дукиќ од мијачкото село Осој, при што биле опфатени повеќе фрески, но циклусот на Страшниот суд не бил обновен, поради што денес композицијата се наоѓа во лоша состојба бидејќи претрпела повеќе оштетувања од влага (Ковилоски 2018: 397–409).

Првиот циклус на пеколниот сегмент на Страшниот суд се наоѓа на јужниот страничен ѕид, близу нартексот. На него се дадени четири претстави за тоа што ги очекува грешниците кога ќе го напуштат земскиот свет. Вториот циклус се наоѓа спроти првиот, односно на северниот страничен ѕид, со пет претстави. Во двата циклуса доминира портокалово-црвената боја, која го означува вечниот оган на пеколот. Во времето на сликањето, а особено денес кога фрескоживописот во црквата е речиси уништен, пеколниот сегмент доаѓа до израз. Забележителната е редукција на претставите на Рајот и Деисисот. Со намалувањето на сотериолошката димензија се акцентира другиот аспект од композицијата: експлицитно се визуелизира Пеколот, а со тоа посебно се нагласува морализаторско-дидактичката димензија на композицијата. Позициониран на место каде што фреквенцијата на верниците е значително поголема во однос на останатите делови на црквата, претставата на адските маки дополнително добива на значење. Поведено е внимание преку ваквите претстави, верниците да се одвратат од лошите дела и да се приближат кон етичкото и моралното поведение кон кое целат христијаните.[1] Душите на луѓето, кои не ги поминале митарствата поради најразлични дела направени за време на животот, се измачувани во вечниот оган од ѓаволот. Според тоа, поуката дека не треба да се падне во грев и што следува ако се случи тоа била видлива за сите верници.[2]

---

[1] Според Јелена Цветановска, „основната функција на казнувањето била повторно воспоставување на редот, а во крајна инстанца реафирмирање на нормите на народното право и моралниот кодекс на заедницата" (Цветановска 2012: 74).

[2] Меѓутоа, како што забележал Ориген, ранохристијански теолог „дури и како казна, телото може да биде средство за искупување" (Митевски 2012: 189).

Грешниците што се фрлени во Огнената река се именувани како: прїслꙋшнїкъ, подателъ, жена блꙋднїца, клеветнїкъ, мꙋка що потъ ѡ҆рꙋе чꙋжда земла, мꙋка оу҆’б҄жтцꙋ, мꙋка що ѡ҆тненна воденiчарх, мꙋка що па́литъ куħи, женѐ шо доу́ла де́ца ѿ у́но ве́рцй (и) мушъ блꙋдни. На овие експресивни наративни сцени се претставени голи машки и женски тела. На јужниот ѕид, тие се измачувани од ѓаволите, кои во рацете држат вили (во измачувањето на крадливите воденичари и убијците), а на едно место и копје со широк врв (во измачувањето на оние што надоруваат земја). На северниот ѕид денес присуството на несаканиот лик може да се забележи само на едно место. На ова место ѓаволот, кој држи вила, е претставен со значително помала форма во однос на оние од јужниот ѕид. Жртвите на измачувањата, мажите и жените, за рацете и нозете се врзани со синџири.

Вообичаените претстави на христијанската есхатологија, за надежта за доаѓањето на Небесното царство, односно за спасот на човечкиот род се изоставени за сметка морализатоско-дидактичката компонента. На таков начин, „проширениот дискурс на морализаторски сцени (видови на мачења на разни видови грешници) кои го придружуваат основното сиже на композицијата Страшен суд станува стандарден прилог на оваа есхатолошка тема“ (Тричковска 2018: 351).

Претставите на адските суштества се речиси идентични со оние од црквата Св. Ѓорѓи во Лазарополе: „Ѓаволите се најкарактеристичните претстави во сцената. На нивните црни, антропоморфни тела се поставени крилја. Имаат кратки бради и накострешени перчиња на главата, долги опашки, а од устата им излегува долг јазик. Дланките и стапалата им се во форма на канџи“ (Тричковска 2016: 228). Може да утврдиме дека станува збор за шаблонизиран пристап, како во делот на демонските суштества, така и во интерпретацијата на ликовите на мажите и жените.

Според православните верувања тука завршувале грешниците што неуспешно ги поминале митарствата. Ова верување потекнува од *монахињата* Теодора Цариградска, која, по нејзината смрт, му се јавила на сон на Св. Григориј, кому му раскажала за патот на душата од упокојувањето до конечното пристигнување на Небото. Според неа, имало дваесет митарства преку кои злите духови ги одвлекувале човечките души. Значи, митарствата претставуваат еден вид царини низ кои мора да помине секоја човечка душа на патот до Небото. Лошите духови барале откуп за направените гревови, а доколку не се успеело во тоа, тие ги земале душите и во големи маки ги носеле и ги

држеле во Пеколот, каде што останувале сè до Второто Христово доаѓање.

Како што може да се види низ вековите прашањето за душата, за гревот и за казната со својата комплексност резултирало со специфичен светоглед овековечен во низа книжевни дела, во усната народна традиција и на ѕидовите на црковните храмови. Ако ги земеме предвид народните верувања, кои и ден-денес се задржале особено по македонските села, тогаш доаѓаме до заклучок дека: „Пеколот е страшен.... Тамо је така врие, огин, това е пено души. Кој како заслужил“ (Вражиновски 1998б: 23).[3]

## Општо за претставите на пеколот и на ѓаволот во македонскиот фолклор од XIX век

За разлика од книжевните дела, „претставата за пеколот во македонската народна традиција дава многу скромен спектар на претстави преку христијанските описи на Библијата“, наведува Лидија Ковачева и додава: „Рајот и пеколот во македонската народна традиција главно се среќаваат во легендите и приказните, во верувањата, но и во посмртните обреди“ (Ковачева 2014: 251–252). Од друга страна, Танас Вражиновски истакнува дека: „претставите на Ѓаволот, како во верувањата така и во фолклорот, сè до денешен ден, кај Македонците претставуваат постојан елемент на културолошкиот амбиент“ (Вражиновски 1998а: 231) што само ја покажува застапеноста на овој лик во македонското секојдневие. Ако повторно се навратиме на Вражиновски, во народните претстави за ѓаволот „при обидите за реконструкција на неговите општи карактеристики како демонско суштество, може да се забележи дека некои од особините ги добил од постарите митолошки суштетства“ (Вражиновски 1995: 127). Значи, неговиот лик, понекогаш може да се пронајде во караконџолот, злиот дух, па и во ламјата. Ваквите претстави најчесто се појавуваат благодарение на претхристијанската и нехристијанската демонологија.

Во народните приказни, искажани во духот на христијанската традиција, ѓаволот е претставен како непријател на Бога, односно носител на сите гревови, демонско суштество, кое го олицетворува злото. Поради судирот со Бог, ѓаволот живеел на земјата, ги заведувал и им наштетувал на луѓето, обидувајќи се да ги подјарми, односно да ги стави под своја власт. По првиот грев на Адам и на Ева, кои измамени од змијата (ѓаволот) биле протерани од рајот, човештвото се

[3] Да се види и кај: Владимир Караџоски, *Рајот и пеколот во македонската и албанската народна традиција (етнографски и фоклорни материјали)*, Институт за старословенска култура – Прилеп, 2009.

наоѓало под постојано искушение, постојано соблазнувано од лукавиот, да згреши и да се оддалечи од Господ. Според верувањата, казната за тие гревови бил пеколот, исполнет со катран и писа, со вечни маки во темнината. Моментот на утврдување на постоењето само на доброто и злото, односно на рајот и на пеколот во католичкиот свет е раздвоен со верувањето дека постои чистилиште (пургаториум). Макар што во православието не постои вакво место, сепак се сретнува (или се насетува) само во неколку наврати во делата на Јоаким Крчовски за кои ќе зборуваме понатаму. Во суштина, чистилиштето претставува место, каде што грешниците што направиле помали гревови, преку разни мачења, ги отплаќаат своите гревови од земскиот живот. По истекот на определено време, кое може да трае и неколку години, тие преминуваат понатаму, во рајот.

Интересно е што ѓаволот во повеќе случаи се поврзува со водата; таа е една од неговите живеалишта. Како акватско суштество, тој се чувствува слободно во реките и во морињата. Во приказната „Ѓавуло и ветер-волк“ запишана од Никола Настев стои дека кога Господ бил на земјата, луѓето биле праведни, па ѓаволот не можел да живее меѓу нив. Затоа, тој се криел во водата, ги туркал гемиите и ги давел луѓето (Настевъ 1890: 153-155). [4] Не е случајно што во една од приказните, која ќе ја спомнеме подолу во текстот, по првобитниот грев на Адам и на Ева, склучува договор со нив и потпишаната плоча ја носи во длабочините на реката Јордан. Од сето погоре изнесено, може да се заклучи дека ѓаволот во народните верувања не е еднороден лик, бидејќи има и може да зема разни облици во зависност од ситуациите.

Најчестотоословување на оној што ги носи душите во пеколот, односно на неговиот владетел е ѓавол (грч. διάβολος, диаволос), односно дјавол (ѓ'авọл, ѓаол), додека пак, во некои случаи е именуван и како Еосфорос или Есфорос (превод на грчки од латинското Луцифер), понатаму Деница (словенски превод од Луцифер), Атанаил (Сатанаил, сатана), Левиатан (ѓавол што царува над водните ѕверки), звер (ѕвер со рогови), со старозаветното Велзевул (принц на демоните), но и со Зарзавило или Зерзевулот, сатана, шејтан, натемаго нечестивиот, поганец, едноног, куциот, врагот (во народното творештво). Во некои случаи сретнуваме термини како „голем ѓаол“, кој за пакостите му дал венец на друг ѓавол со „два рога остри“, или пак „главатар на ѓаволите“.

Ако според религиските сфаќања ѓаволот е зол дух што го води човека кон грев, тогаш преносното значење за него се движи од

[4] Да се погледне и кај: М. Драгомановъ, „Забѣлѣжки върху славянскитѣ религиозно-етически легенди“, *СбНУНК*, VIII, София, 1892, 257-276 и 312-314.

означување на зол, лош или итар човек, до палава, збесната, врашка личност. Од именката ѓавол се изведени повеќе придавки, именки и изрази: ѓаволест, ѓаволит и ѓаволица (што има нарав или својства на ѓавол), ѓаволија, ѓаволштија, ѓаволштина и ѓаволска работа (непозната, опасна, страшна дијанија или итроштина, врагоштина), ѓаволов (што му припаѓа или што е како кај ѓавол), ѓаволски (исто како и кај ѓаволов, но и проклет, ужасен, пеколен, врашки). Во оваа пригода ќе ги наведеме и изразот: „каде го ѓавол донесе (нанесе)", кој се употребува кога некој ќе дојде во невреме, се појави одненадеж, неочекувано или дојде неповикан (Димитровски 1987: 216–218).

Според народната претстава, ликот на ѓаволот како антагонист на Бога и непријател на човекот бил црн, одбоен, обраснат со влакна, со лице на говедо, со рогови, со опаш како на прч, а неговите раце биле канџести, нозете како на куче, со големи заби. Во некои од описите има и крилја. Ѓаволот, односно ѓаволите живееле во: пеколот, шумите и планините, а најопасни биле ноќно време. Со пропејувањето на првите петли, кои ги прогонувале темните сили и го најавувале изгрејсонцето, исчезнувале поголемиот дел од опасностите, кои ги очекувале луѓето ноќно време, како на пример, лажење и намамување на патниците на погрешни патишта (Вражиновски 1995: 128).

Честопати тој е претставен како владетел на земјата, како сезнаен: „јас чунки сум ѓаол, сите луѓе 'и знам кој како зборуат".[5] Иако овие верувања изнесени преку усните кажувања можеби не се задлабочуваат во описите на пеколот и не се детални како во некои од книжевните дела, тие сепак претставуваат вистински извор за погледите кои Македонците од XIX век ги имале за Страшниот суд. Оттаму, како еден од најсликовитите примери, кои ја обработувале темата на пеколот и на ѓаволот, ги наоѓаме во приказните и во легендите запишани од Марко Цепенков. Треба да се истакне дека во одредени случаи ѓаволот е помешуван со други ликови од народната демонологија бидејќи тој не е еднороден лик, преземејќи некои од особините од постари митски суштества. Тој не бил ниту човек, ниту животно, иако може да се престори и во едното и во другото. Исто така, во народните приказни и преданија дознаваме дека ѓаволот не

---

[5] Интересно е мислењето на Рудолф Ото, кој наведува: треба да се разбере дека не е мал бројот на истражувачи што навистина веруваат дека 'религијата' почнала со обожавањето на ѓаволот и дека накрај ѓаволот е постар од Бог" (Ото 2015: 60). Да се погледнат дуалистичките верувања за Господ како господар на небото и на ѓаволот како господар на земјата, кај: Йордан Иванов, *Богомилски книги и легенди*, II фототипно издание, под редакцията на проф. Димитър Ангелов, Наука и изкуство, София, 1970, во поглавјата: „Видѣние Исаиево", 150, 160-161; „Откровение Варухово", 206-207; како и во целото поглавје „Прѣние на Христа съ дявола", 248-257.

земал само антропоморфен облик туку можел да се претвори и во предмет. Така, честопати земал облик на: маска, тамбура, штрк, сокол, рибар, квачка со дванаесет пилци, човек, коза, мачка и глушец. Според еден запис на Ефрем Каранов преточен во народна поговорка: „ѓаволот го излагал човекот преку змијата (од св. Писание)“ (Каранов, 1884: 130). Вака произнесено, ова народно верување само ни го потврдува влијанието на црквата во секојдневниот живот, но и прифаќањето на народот на елементи од црковната традиција како свои, како на пример верувањето дека ѓаволот може да се престори во змија.

Во македонската традиционална култура пеколот може да се смести во верувањата за постоење на „овој“ и „оној“ свет. Иако оваа врска не е категорично определена само за пеколот, таа му припаѓа на светот на умрените, на мртвите, на неживите. Се разбира, постојат случаи кога на „оној свет“ успеваат да заминат и живи во потрага по умрените (овој мотив го сретнуваме уште од антиката со влегувањето на Орфеј во подземниот свет). Имајќи предвид дека нашата фолклорна традиција познава категории „чисти мртовци“ и „нечисти мртовци“, претставите на демонските суштества се врзуваат за различните категории од втората група. Туќа спаѓаат демонските суштества: навите, вампирите, караконџолоѕте, самовилите и душите на самоубиените или удавените. „Оној свет“, како што утврдува Љупчо С. Ристески „секогаш го носи предзнакот на опасното, демонското, предзнакот на антиструктурата, на Хаосот“ (Ристески 1997: 322).[6]

## Примери за претстави на пеколот и на ѓаволот во македонскиот фолклор од XIX век

Кај Миладиновци употребата на именката пекол е најочигледна во песната „Свети Петар и мајка му“, односно „Ми киниса Свети Петар“. Имено, станува збор за две варијанти на ист мотив, испеани во Струга и во Прилеп. Содржината на песната, накратко е во тргнувањето на свети Петар во рајот, а со него и грешната мајка. Опишувајќи ги гревовите на мајката, свети Петар заклучува дека со нејзините дела, единствено место, каде што може да појде е пеколот. Во струшката верзија, свети Петар ѝ се обраќа на мајката со зборовите дека за неа се: „Рајските потри затворени, / пеколските отворени“. Големиот број гревови што таа свесно ги правела довеле до тоа: „рај да видиш, рај да најдиш, / Во пеколот фодулшчина“ (Миладиновци 1983: 55). И варијантата од Прилеп започнува идентично како таа од Струга, со таа

[6] Весна Коцева компаративно ги истакнува симболичкиот и семиолошкиот аспект и карактерните особини на ѓаволот во македонскиот и во италијанскиот јазик (Коцева 2013: 83–91).

разлика што во понатамошниот тек ги сретнуваме стиховите: „силен ѓавол“, „враг ми душа“, „на дно пекол“, „дното в пекол“, како и еден од ретките поопширни описи во народните песни: „Ходи от тука свети Петер! / Прости тебе твоја мајка; / Да си појдиш по крај море, / Да усучиш танка врфца, / Да ја пуштиш у пеколот, / Да се фати твоја мајка / Твоја мајка грешна душа. / Тамо имат други грешни, / Грешни седумдесет души, / Да се држат од нејѕини поли / Нејѕини поли и ръкави, / Да излезет на бели свет” (Миладиновци 1983: 56–57). Во овој случај, пеколот е опишан како место во кое се наоѓале повеќе грешници, кои на секаков начин се обидувале да излезат оттаму.

Песна со идентичен мотив сретнуваме кај Кузман Шапкарев, само што на местото на Св. Петар го имаме Св. Јован. Сижето во оваа песна е поразгрането: наместо само грешната мајка, тука се претставени сите роднини што сториле грев, освен стрината. Притоа, таткото, мајката, сестрата и стрикото се покажале недостојни да влезат преку рајските порти кои за нив биле затворени. Наместо нив, отворени биле портите на пеколот. Единствено стрината се спасила од вечните маки бидејќи сиот леб што преостанувал го делела на сиромасите (Шапкарев 1976, I: 97–99). Песна со наслов „Св. Јоан и мајка му“ и со ист мотив наоѓаме и во *Зборникот* на Васил Икономов од 1893 година. Крајот на мајката за лошотиите е идентичен: „Рајски порти затворени, / А пеколски отворени“ (Икономовъ 1893: 16).

Кај Серафим Бојанов ја сретнуваме претставата на ѓаволот како сенка, којашто може да влезе во човекот и да предизвика кавга дури и со најблиските: „Слушај деверју, да ти кажа: / каков дјавол сношти муги вас флезе, / та се вие два браќа спорекохте, / па голема кавга вдигнахте. / Не се скарахте ни за злато, / ни за злато, ни за чисто сребро“. (Бојанов 2012: 65). Во песната, ѓаволот е ставен во функција на раздорот меѓу двајцата браќа, кои биле толку сложни што ништо не можело да ги скара дотогаш. Тоа е само потврда на народната поговорка: „ѓаволот ни ора ни копа, само луѓе скарува“.

Термини од овој вид, иако со поскромен обем, наоѓаме и во објавените фолклорни песни на Стефан Верковиќ („гороцки дјавулу!“) (Верковиќ 1985, к.5: 63); Антон Поп Стоилов („водно ѓаволче“, „терзии водни ѓаволе“) (П. Стоилов, 1990: 63–64); во запишаните песни на С. Бојанов, а нотирани од Букурештлиев („Іа Латѝнци проклéти гьáволе“) (Бояновъ 1892: 112); во запишаните и нотирани песни на Тодор Гавазов („Девоiче, мори гьаволче“) (Гавазовъ 1893: 106);[7] во приказните запишани од Никола Настев („Ѓавуло и двама

[7] Исто и кај: Кирил Пенушлиски, *Народната култура на Егејска Македонија*, Мисла, Скопје, 1992, 303–305.

браиќа“ и „Дедо Господ, ѓаволо и курбетчијата“) (Настевъ 1892: 159–164); од Арсени Костенцев („Момче обештано на дјавола“) (Костенцевъ 1894: 137–141); од Т. Г. Ецов (Народни умотворби од Велес, Легенди за потекло) (Ецовъ 1893: 132) итн. Веднаш треба да се истакне дека вметнувањето на терминот „ѓавол“ во овие случаи не е поврзано со претставата на суштеството како хтонско, туку се употребува како показател за итрина, за живост или пак, за другост, но не како репрезент на пеколните маки.

Од клетвите во кои се спомнува пеколот и ѓаволот, ќе ги издвоиме оние кои запишувачот П. А. Чачаров од Штип ги објавил на страниците на софискиот *Зборник на народни умотворби* во 1891 година. Еве дел од нив: „Враго да го изеде“, „Ѓаволо да го расчепе на триста парчиња“, „Да пропадне у дно у зема“, „Да врие у катрано у дното“, „Заловил го ѓаволо, да би да не го залове“, „Некој силен огин да го изгоре“, „Огин и пламен да го изгоре“, „От ѓаволо очи да сака и да нема да му даде“, „Уловогил го Госпот, оздравил го ѓаволо, да го не оздраве“, „Црн ѓавол да го јаде“ (Чачаровъ 1891: 206–212) итн.

Повторното навраќање кон Шапкарев, овојпат кон неговите запишани приказни, исто така покажува значително присуство на ѓаволот во нив: „Волкот создаден од ѓа’олот“, „Два браќа или пра’ина до краина“, „Влахот и врагот (ѓа’олот) или Влашката итрос’ надминвит ѓа’олската“, „Женските итрости“, „Царскијот син и ѓа’олот“, „Ѓаволот даскал“, „Ѓаволот и ученикот му“ и др. Најголемиот број од овие запишани приказни се од Охрид, а потоа од Кичево, од Солунско итн. Во нив, како и во останатите приказни запишани од други собирачи, ѓаволот е подол и соблазнува, лаже, но и создава суштества, како на пример волкот во приказната „Волкот создаден од ѓа’олот“. Тука го сретнуваме објаснувањето зошто понекогаш ѓаволот бил нарекуван „едноногијот“ или „куцијот“, но и неговите врски со водата. Имено, откако ѓаволот го создал волкот, видел дека нема душа, па по поука од Господ, рекол: „Стани, изеди ме!“. Вчас волкот оживеал и го грабнал ѓаволот за нога и му ја изел. За да се спаси, ѓаволот се фрлил во ближната река, но останал само со една нога (Шапкарев, 1976, к.5: 65).

Во речникот на зборови составен од браќата Молерови се наоѓа еден од ретките описи на пеколот, кој тука е именуван како пеклò, односно пъкъл, ад: „Душѝте на грѐ$^а$шните òдаа ф пеклòто. Тоа грѐ$^а$шен човѐ$^а$к ке е на днòто ф пеклòто“ (Молерови 1954: 499).

Во материјалите во овој *Зборник* собирани во XIX век, а објавени дури во 1954 година, сретнуваме повеќе претстави од народната демонологија искажани од бабата на собирачите Димитар и Костадин

(Кочо) Молерови, Парашкева К. Сирлешчова и нивната мајка Елена Г. Молерова, но и од други раскажувачи.

Во таа насока, а во интерес на нашата тема, ќе ги издвоиме приказните: „Дјаволи се хвалјат с лошите си дела“ (бр.74) раскажана од 19-годишниот Костадин Скабрин во Банско „Сам-си ја ме викаа“ (бр.75) од Сирлешчова, „Как са произлезли мишките и котките“ (бр.83) итн. Во нив ѓаволите се фалат за сторените пакости, се обидуваат да го излажат момчето да проговори и да му го земат гласот, како и да го прелажат попот. Сепак, луѓето се надлажуваат со нив и неретко успеваат да ги надитрат. Во оној момент кога нема да успеат да се извлечат од ѓаволските замки, тие се уништени или раскинати на парчиња („раскъсàли“).

Треба да се има предвид дека се внимавало да не се употребуваат пречесто имиња на суштества од демонологијата или од фантастиката, бидејќи се верувало дека на тој начин можело да се предизвика несреќа. Така, на крајот од песните на Парашкева, Молерови оставиле белешки дека: „никако не ѝ е пријатно да зборува за змејови и самовили, бидејќи, којшто ги спомнува, при него налетуваат“. Таа верувала во тој свет, имала свој став за него. Нејзината микропоетика, односно нејзиниот микрокосмос изобилувал со ритуали и суеверија. Тоа може да се заклучи од недовршените песни за змејовите и за самовилите, а особено од разните искажани прокоби, кои претскажувале несреќи, односно смрт: „Ако се заборави непосеана браздата, на нивата, тоа е знак за нешто лошо во таа куќа – некој ќе умре“ или: „Ако се јави змија во некоја куќа, претставува смрт“ или: „Ако во некоја куќа пропее петел кон 10 часот вечерта и други петли не го следат, исто претскажува смрт“ и сл. (Молерови 1954: 388). Во оваа насока е и нашиот став дека се верувало дека и при спомнувањето на овие демонски суштества можело да се направи штета, па затоа Парашкева и не ги спомнувала премногу.

**Претставите на пеколот и на ѓаволот во фолклористичките записи на Марко Цепенков**

Како што спомнавме претходно, најмногу и најдобри описи на пеколот и ѓаволот наоѓаме во запишаните фолклорни материјали на Марко Цепенков. Најголемиот дел од нив се сместани во книгата 4 од собраните дела на Цепенков (издание од 1972 година). Ќе наведеме некои од нив: „Зерзевулот, коа го истерал Господ од рајот“, „Господ го истерал Зерзевулот со негоите ангели од рајот и ‘и проколнал да бидат црни и темни, а седењето да им биди во вечна мука“, „Сатаната му се спротивставил на Бога, но Бог страшно го накажал“, „Ѓаолот не знаел

жените од кај го точат ножот“, „Човекот што ја изеде ќерка му од ѓаолот како јаболко“, „Ѓаолот што влезе помеѓу тројца верни пријатели“, „Ѓаолот на баба престорен уби маж и жена“, „Детето што беше при ѓаолот калфа три години“, „Ѓаолот и Спасе овчарот“, „Ѓаолот што му се стори маска на владиката“, „Ѓаолот што ќе оженеше четириесет кауѓери“, „Госпо и ѓаволите со жената и детето“, „Рибарот што изваде од река шише со ѓаолот внатре“, „Ѓаволот и ортакот негов“, „Инаетчијата жена што пукна ѓаоло од неа“, „Ѓаоло и бабата“, „Неблагодарниот клисар што запали кандило на сатаната“, „Врзаниот сатана“, „Ѓаоло и бабата, мажо и жената“, „Трите ѓаоли и цар Соломон“, „Ѓаолот што се уплашил од чоекот“, „Чоекот што го караше и колнеше ѓаолот“, но и: „Како го возгорде богаството еден сиромав човек“, „Човекот што ги менувал верите“, „За две пари добро“ и др. (Цепенков 1972а: 219–223).

Од приказните и од преданијата, во понатамошните книги на Цепенков, ќе ги издвоиме уште: „Момчето што сакаше да учи од женските ѓаолштиње“, „Попо што се валеше на попадијата оти ќе оди в рај и отиде во вечна“, „Судијата што ѝ се валеше на жената оти као што суди на овој век, ќе судел и на тој век“ (Цепенков 1972б), како и: „Претстави за вечната, рајот и земјата“ и „Премудри Соломон го проколнува мајка му“ (Цепенков 1972в).

Еден од најубавите описи на пеколот, ако не и најубав, го сретнуваме во преданието „Претстави за вечната, рајот и земјата“. „Вечната“ ја симболизира бездната, односно пеколот, која како што запишал Цепенков: „била еден длабок дол, што око чоечко не можело да догледа и преку тој дол имало мос од влакно и секој чоек што ќе умрел ќе поминел на влакното преку вечна (џевнемот) и, ако е грешен чоекот, штом се качи на влакното и киниса по него да оди, ќе се скини и ќе падни чоекот внатре во вечна, а пак ако е праведен чоек. Едно ќе се качи на влакното за да врви, и веднаш ќе му се стори еден широк мос и трчаница ќе си помини и во рај ќе си влези“ (Цепенков 1972а: 26).

За тоа како настанал ѓаволот и како рајот се одделил од пеколот, Цепенков ѝе известува во приказната „Зерзевулот, коа го истерал Господ од рајот“. Откако Господ го истерал Зерзевулот и неговите ангели, ги проколнал да бидат црни и темни, а „седењето“ да им биде во вечна мака. Бидејќи пеколот бил неубаво место, Зерзевулот со ѓаволите си направиле свој рај, ист како оној на Господ. Меѓутоа, од завист кон ангелите, кои убаво му пееле на Господ, Зерзевулот решил да го убие, со тоа што намислил да изгради висока кула дури до небото. Бидејќи, според Зерзевулот, честа носи чест, тој благословил

на ѓаволите да им никнат рогови како неговите, „тие ви се венец на глаите“, рекол. Откако три дена неуспешно пробувале да ја изградат кулата, на четвртиот ден конечно ја ѕoидале. Тогаш Зерзевулот исфрлил стрела за да го убие Господ, но тој му ја вратил, при што му ја откинал главата. Кога го виделе ова, на ѓаволите им паднало жал, па сите скршиле по една нога и оттогаш кај луѓето останало за нив да се вели: едноногиот. Тогаш Господ ја разурнал кулата по која се качувале ѓаволите и таа пропаднала на дното на земјата и „се сторила вечна мука, како голем казан полн со катран и писа, да вриет Зерзевул со негоите сите. Завреле внатре и оттогај и ден-денеска вриеле“. Ѓаволскиот рај се исушил и се направил трње и бесплодни камења. Меѓу рајот Господов и рајот на Зерзевул се отворила пропаст „или вечната ѓаволска“, како што ја викале, и оттогаш не можело да се прејде од една на друга страна (Цепенков 1972а: 219–220).

Интересна е приказната „Попо што се валеше на попадијата оти ќе оди в рај и отиде во вечна“, која дава опис на маките во пеколот, но всушност, претставува критика за свештените лица и црковната хиерархија. Во приказната се раскажува за еден поп, кој се договорил со својата сопруга, кога ќе умрат, да се побараат и да се најдат во рајот. Откако умреле, жената го побарала попот во рајот, но не го нашла. Кога отишла во пеколот „по гласо го познала попо и коа го гледа, само глаата му била изваена од катрано и писата, кај што бил клаен“. На прашањето зошто му се гледа само главата, тој одговорил: „ако не је владиката под мене, да газам со нозете на негоите раменици и глаата нема да ми ја видиш, чунки ние попоите и владиците и патриците се мислиме најправедни коа сме живи, а па ние сме биле најгрешните и од најпростите мирјани. Сега наместо јас што ќе се молев на Бога за тебе, ти моли се за мене, белки да ме куртулисаш од оваа неисказана мака“ (Цепенков 1972б: 167–169). Со идентичен мотив е и приказната „Судијата што ѝ се валеше на жената оти као што суди на овој век, ќе судел и на тој век“, варијанта на претходната. Во неа, наместо владиката и попот, ги сретнуваме ликовите на судијата и царот. Откако умрел судијата, жена му го пронашла во пеколот „закопан до гуша во катрано и смолата кај што се вареа“. Овој пат, судијата стоел на рамениците на царот и на кнезот. Приказната претставува критика на општествениот систем, во кој судиите, царот и кнезовите се однесувале неправедно кон своите поданици.

Со наравоучението „една грешка – вечна мака“ наоѓаме неколку варијанти на тема исфрлањето на Адам и на Ева од рајот. Во суштина, приказната ги следи животите на Адам и Ева по нивното прогонување од рајот. Во темницата во која се нашле им пришол ѓаволот ветувајќи

им дека ќе донесе светлина. За возврат, тој побарал да потпишат договор со кој живите потомци на Адам и Ева ќе бидат нивни, а умрените на ѓаволот. Откако Адам го потпишал ваквиот договор на камена плоча, ѓаволот ја зел и ја однел на најдлабокото место во реката Јордан. И не само тоа, туку тој ги научил Адам и Ева да направат колиба во која требало да живеат. По смртта, Адам се нашол во пеколот „во вечна мака“, но по многу векови Христос се сожалил на него и на сите умрени во пеколот и ги избавил оттаму. Се верувало дека во адот останал само еден човек, Јуда Искариотски, кој не сакал да излезе од него поради срамот од предавството на Исус (Цепенков 1972а: 13–20).

Како што може да се види од приказните и легендите, ѓаволите се плашеле од „крстот и од кискатa босилкоа кај што се крштаа вода и се попрскуа со крстена вода“. Кога при некаква кавга некој ќе застанел простум со извадена капа и ќе се прекрстел три пати спомнувајќи го името на Бога, ѓаволот се повлекувал: „Во името на Бога ве преколнувам, немојте да се расипиме од нашето браство што сме си го имале, ич заниошто, оти сме си рекле некој збор меѓу нас“. На тоа, ѓаволот проговарал: „Ах, проклет ти што што се прекрсти и името од Бога го рече, не ме остаи едно кале да расипам“ (Цепенков 1972а: 243).

Во овие случаи, клетвите што се однесуваат на ѓаволот, изречени од луѓето, најчесто се искажани како укор, како заштита од злото или од болка поради стореното зло: „Туф, бре гиди, што превара му стори ѓаоло – натемаго! – на сирота баба, ја отепа, завали баба; тјуф, тјуф, тјуф, ѓаол, – натемаго! – види кај ја натера да се качуа за да падни!“; „Ха, нетемаго ѓаол натема, пукна едноногиот“, „Ај натема, ѓаоле, натема!“, „Натемаго ѓаол, глеај што превара му донесол, од умот се расипал!“,

Во голем дел од приказните ѓаолот кине три рала опинци да го донесе човекот на бесилка („го однесе во вечна мука под казано“ (Цепенков 1972а: 273); прави бабата да падне од црешово дрво, наведува луѓе на гревови и му помага на оној што ќе му се поклони или му запали кандило да стигне до највисоки функции: од клисар – поп, од поп – владика, од владика – патрик, односно патријарх (Цепенков 1972а: 287). Но, со него нема играње, па затоа: „ете кој сака богасто од ѓаоло, као го носи да виси на ортома и го праи за срамота и го внесува во вечна (Цепенков 1972а: 284). Исто така, тој е вршител и на тешки злосторства, кои доведуваат до трагични краеви („Ѓаволот на баба престорен уби маж и жена“), кои се дело на подолго планирање: „думал, кројал и скројал еден марифет ѓаолски: да ‘и омрази и да ‘и запустит од корен“ (Цепенков 1972а: 243). Како награда за стореното

зло, како со примерот на бабата, ѓаволот „беше ја клал на дно во казанот да вриет“ (Цепенков 1972а: 240)

Во исто време, ѓаволот може да биде и надмудрен при што дете го заробува и врзува сатаната („Врзаниот сатана“) или од човекот што фатил повеќе ѓаволи („Чоекот што ‘и вати ѓаолите во вреќата“ ) од дете што го надитрува („Детето што беше при ѓаолот калфа три години“), но и надзборуван од еден прост овчар („Ѓаолот и Спасе овчарот“). Исто така, ѓаволот може да биде дел и од хумористична приказна, исполнета со досетки и надитрувања. Така, на пример во „Инаетчијата жена што пукна ѓаоло од неа“ една жена постојано се препирала со ѓаволот околу тоа дали ливадата е стрижена или косена. На крајот, жената инаетчија го пукнува ѓаволот бидејќи „имало жена што и ѓаоло со неа не можел да живеи“ (Цепенков 1972а: 277). Во друга пригода ѓаволот се сретнал со некој праведен и итар човек, за на крајот да заклучи: „Бре – си рекол ѓаолот со умот – во една уста и топол ветер и студен имало у чоека: помарифетлии биле луѓето од нас“ (Цепенков 1972а: 224).

Исчитувајќи ги и анализирајќи ги народните приказни, останува прашањето за: душата, духот и телото. Продавањето на душата на ѓаволот доведува до измачување на телото во пеколот, но дури и во такви услови, постојат примери во кои со подадена рака или со Божја волја, несреќниците се избавувале од оганот и од катранот во казанот.

Присуството на Господ и ѓаволот во македонските приказнн, односно сказни придонесува за нејзино сижетно-јазично богатство, вклопувајќи се во посебната композиција на жанрот. Токму затоа, „и појавата на Господ и ѓаволот во македонската сказна значи, од една страна, воведување нови, интересни содржински елементи, но од друга страна тие ни малку не ја нарушуваат строгата композиција на сказната“ (Прокопиев 1983: 131). Тоа значи дека определените улоги и координати на дејствата определени во сферите на главните ликови се прифатени, а единството на композицијата е постојано.

**Заклучок**

Во македонскиот фолклор пеколот е опишан како место, кое се наоѓа на дното на земјата, бездна исполнета со темнина, место на страдања, најчесто замислуван како казан со зовриен катран и писа. Ѓаволот има повеќе имиња (Еосфорос, Деница, Сатанаил), а е претставен како антагонист на Бога и непријател на човекот. Тој бил црн, одбоен, обраснат со влакна, со лице на говедо, со рогови, со опаш како на прч, а неговите раце биле канџести, нозете како на куче, со големи заби. Ѓаволот, односно ѓаволите живееле во пеколот, водите,

шумите и планините, а најопасни биле ноќно време. Со пропејувањето на првите петли, кои ги прогонувале темните сили и го најавувале изгрејсонцето, исчезнувале поголемиот дел од опасностите, кои ги очекувале.

Бидејќи ѓаволот не е еднороден лик, забележително е мешањето со други ликови од народната демонологија, преземејќи некои од особините од постари митски суштества. Во народните приказни и преданија дознаваме дека ѓаволот не земал само антропоморфен облик туку можел да се претвори во некакво животно, но и во предмет: змија, тамбура, мачка, штрк, сокол, рибар, квачка со дванаесет пилци, човек, коза итн. Општо земено присутвото на ѓаволот во човечката средина придонесува за појава на кавги, недоразбирање, среброљубие и убиства. Особено лоши последици има неговата појава во семејните заедници, каде што поради неговите пакости се караат браќата, сестрите, золвите и јатрвите, што доведува и до трагични ситуации.

Овие ситуации се плод на копнежи и желби, кои предизвикуваат траума во сопствената душа, но и во меѓучовечките односи. Отуѓувањето на поединецот од општеството, неговото издвојување како единка, намамувањето кон злото, тоа се главните предизвици на демонските сили. Да се намами индивидуата во канџите на злото претставува и своевидно менување на идентитетот, при што доброто станува лошо, а лошото станува прифатливо; поединецот се отуѓува од најблиските при што најчесто се извршува индивидуално насилство; во заборав паѓаат сите дотогаш добри релации со семејството и со пријателите, а сето тоа доведува до отпадништво на извршителот и негово пропаѓање во пеколот. Во суштина, појавата на ѓаволот и на пеколот во фолклорот, но и воопшто во книжевноста, е претстава за невклопливоста, на отуѓувањето, на застранување и духовно и општествено (со губењето на вербата во Бог, Луцифер сакал да ја наруши хиерархиската поставеност), што доведува до трауматски последици и за демонските сили и за луѓето. Прогонувањето од Рајот на Зерзеулот го симболизира општественото и духовното отпадништво и неприфаќањето на постоечките етички и морални норми. Оттаму, на фолклорните претстави за пеколот и ѓаволот, за прогонот и за егзилот, може да се гледа и како на неможност за враќање во/на првобитната состојба, копнеж по туѓото, минатото и подобрите времиња, што доведува до неминовно насилство и пропаѓање на душата и на телото.

**Литература**


Верковиќ, Стефан Ив. (1985). *Фолклорни и етнографски материјали, кн. 5*. Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски. Скопје: Македонска книга.

Вражиновски. Танас (1998а). *Народна митологија на Македонците, 1*. Соработници: Владимир Караџоски, Љупчо Ристески, Лола Симоска. Прилеп: Институт за старословенска култура, Скопје: Матица македонска.

Вражиновски, Танас. (1998б). *Народната митологија на Македонците, 2*. Соработници: Владимир Караџоски, Љупчо Ристески, Лола Симоска. Прилеп: Институт за старословенска култура, Скопје: Матица македонска.

Вражиновски, Танас. (1995). *Народна демонологија на Македонците*. Соработници: Владимир Караџоски, Љупчо Ристески, Лола Симоска. Прилеп: Институт за старословенска култура, Скопје: Матица македонска.

Драгомановъ, М. (1892). *Забѣлѣжки върху славянскитѣ религиозно-етически легенди*, во *СбНУНК*, VIII. София.

Ецовъ, Т. Г. (1893). *Народни умотворби, Отъ Велесъ, Легенди за потекло, За вълкътъ*, во *СбНУНК*, книга XI. София.

Иванов, Йордан. (1970). *Богомилски книги и легенди*, II фототипно издание. Под редакцията на проф. Димитър Ангелов. София: Наука и изкуство.

Икономовъ, Василъ. (1893). *Сборникъ отъ старо-народни пѣсни и обичаи въ Дебрско и Кичевско (Западна Македония)*. София.

Каранов, Ефрем. (1884). *Народни веровани*, во *Периодическо списание на българското книжовно дружество*, No. 9.

Караџоски, Владимир. (2009). *Рајот и пеколот во македонската и албанската народна традиција (етнографски и фоклорни материјали)*. Прилеп: Институт за старословенска култура.

Ковачева, Лидија. (2014). *Речник на македонските народни празници, обичаи и верувања*. Скопје: Центар за културно и духовно наследство.

Ковилоски, Славчо. (2018). *Црквата Св. Никола во село Вранче, Прилепско*, во *Патримониум*, бр.16.

Костенцевъ, А. (1894). *Приказни за зли духове и др. Отъ Щипъ, Момчето обещано на дявола*, во *СбНУНК*, книга X. София.

Коцева, Весна. (2013). *Семиологија на ѓаволот во македонскиот и во италијанскиот јазик*, во *Литературен збор*, бр.1-3. Скопје.

Митевски, Витомир. (2012). *Душата и духовниот живот во антиката и раното средновековие*. Скопје: Матица.

Молерови, Братя Димитър и Костадин. (1954). *Сборник за народни умотворения и народопис, книга XLVIII, народнописни материали от Разложко*. Под редакцията на акад. Ст. Романски. София: Издание на БАН.

Чачаровъ, П. А. (1891). *Народни клетви, Отъ Щипъ (Македония)*, во *СбНУНК*, книга VI. София.

Гавазовъ, Т. (1893). *Народни пѣсни съ мелодии, Отъ Прилѣпъ (Македония)*, во *СбНУНК*, книга VIII. София.

Бояновъ, С. (записалъ), Букурешлиевъ (нотиралъ). (1892). *Народни пѣсни съ мелодии, Отъ Разлошко*, во *СбНУНК*, книга VII. София.

Настевъ, Никола Г. (1890). *Приказни за зли духове и др. Отъ Леринско „Гъавуло и Ветер-волк“*, во *СбНУНК*, книга III. София.

Настевъ, Никола Г. (1892). *Приказни за зли духове и др. Отъ Леринско „Гъавуло и двама браікьа“, „Дедо Госпо гьавуло и еден курбетчіа“*, во *СбНУНК*, книга VIII. София.

Ото, Рудолф. (2015). *Светото, за ирационалното во идејата за божественото и неговиот однос со рационалното*. Скопје: Арс Студио.

П. Стоилов Антон. (1990). *Македонски народни песни*. Редакција д-р Марко Китевски. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Пенушлиски, Кирил. (1992). *Народната култура на Егејска Македонија*. Скопје: Мисла.

Прокопиев, Александар (1983). *Господ и ѓаволот во македонската сказна*, во Спектар, бр.1. Скопје.

*Речник на македонската народна поезија, том II, Д-Ѕ*. (1987). Под редакција на Тодор Димитровски, обработувачи на материјалот: Мирјана Гигова, Тодор Димитровски, Димка Митева. Скопје: Институт за македонски јазик.

Ристески, Љупчо С. (1997). *Митските претстави за ‘Оној свет’*, во *Македонски фолклор*, бр.56-57. Скопје.

*Свето Писмо (Библија)*, второ издание. (1991). Скопје.

*Словенска митологија, енциклопедијски речник*. (2001). Редактори Светлана М. Толстој, Љубинко Раденковић. Beograd: Zepter Book

Тричковска, Јулија. (2018). *Некои аспекти на црковната уметност на Балканот од XVIII и XIX век – традиција и влијанија*, во *Патримониум*, бр.16.

Тричковска, Јулија. (2016). *Страшниот суд во цр. Св. Ѓорѓи во Лазарополе*, во *Патримониум*, бр. 14.

Цветановска, Јелена. (2012). *Гревот и казната*. Скопје: Матица.

Цепенков, Марко К. (1972а). *Народни приказни, легенди, книга четврта*. Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, соработник Блаже Петровски. Скопје: Македонска книга.

Цепенков, Марко К. (1972б). *Народни приказни, книга шеста*. Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, соработник Фанија Попова. Скопје: Македонска книга.

Цепенков, Марко К. (1972в). *Преданија, книга седма*. Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, соработник Блаже Петровски. Скопје: Македонска книга.

Шапкарев, Кузман А. (1976). *Избрани дела, том петти, Приказни*. Приредил д-р Томе Саздов. Скопје: Мисла.

Шапкарев, Кузман А. (1976). *Избрани дела, том први, Песни*. Приредил д-р Томе Саздов. Скопје: Мисла.